**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за даноци на имот и комунални такси**

ПРЕТСТАВНИК: **Пом. Раководител на сектор**

ПОВЕРЕНИК: **Пом. Раководител на сектор**

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА
## за висината на комуналните такси во Град Скопје

Скопје, јануари 2026 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со член 34,35 и 36 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), и со член 2, став 2 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија“ број 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.151/21), Советот на Град Скопје на ______________ седница, одржа и на __________________ 2026 година, донесе

# ОДЛУКА
# за висината на комуналните такси во Град Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналните такси во Град Скопје, во рамките утврдени со Законот за комуналните такси.

**Член 2**

Висината на комуналните такси определени со закон, за одделни тарифни броеви, се утврдуваат на:

| | |
|---|---|
| **Тарифен број 1** | |
| За фирма, односно назив на: | |
| а) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност | 2.700,00 ден. |
| б) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ | 700,00 ден. |
| в) деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 2.000,00 | 8.000,00 ден. |
| - деловни простории на правни лица од комуналните дејности | 4.000,00 ден. |
| - деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено | 4.000,00 ден. |
| **Тарифен број 2** | |
| За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба – дневно | 40,00 ден. |
| **Тарифен број 3** | |
| За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од $м^2$ дневно | 15,00 ден. |
| **Тарифен број 4** | |
| За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа: | |
| - до седум дена | 800,00 ден. |
| - до 30 дена | 1.300,00 ден. |
| - до една година | 1.600,00 ден. |
| **Тарифен број 5** | |
| За користење на музика во јавни локали- годишно | 6.700,00 ден. |
| **Тарифен број 6** | |

| | |
|---|---|
| За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа: | |
| - за физички лица кои вршат дејност | 1.300,00 ден. |
| - за правните лица од областа на производството, прометот и услугите | 2.700,00 ден. |
| **Тарифен број 7** | |
| За користењето на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од $м^2$ дневно | 7 ден. |
| **Тарифен број 8** | |
| За користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта се наплаќа комунална такса во висина од 20% од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање. | 20% |
| **Тарифен број 9** | |
| За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и тоа: | |
| - за патнички возила до 1000 кубика | 70,00 ден. |
| - за патнички возила од 1000 до 1300 кубика | 100,00 ден. |
| - за патнички возила од 1300 до 1500 кубика | 130,00 ден. |
| - за патнички возила од 1500 до 1800 кубика | 400,00 ден. |
| - за патнички возила над 1800 кубика | 600,00 ден. |
| - за товарни возила по тон носивост | 130,00 ден. |
| - за автобуси и други возила што служат за превоз на патници | 700,00 ден. |
| - за специјални возила | 70,00 ден. |
| - за сите видови мотоцикли | 70,00 ден. |

**Член 3**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за висина на комуналните такси во Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје” бр. 7/05, 6/10,13/12, 03/20 и 13/25)

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Град Скопје.

**Број ________**
**_________2026 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даме Димитровски**

**Образложение**

Правен основ за донесување на Одлуката е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) во кој е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.
Врз основа на член 34 од Законот за Градот Скопје (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), градот Скопје ја утврдува таксата за фирма, односно назив на деловни простории и таксата за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли во рамките утврдени со закон. Средствата од овој член се распределуваат во соодност 50% за градот Скопје и 50% во Заедничкиот фонд.
Согласно член 35 од истиот закон Градот Скопје ја утврдува таксата за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба и таксата за користење на музика во јавните локали во рамките утврдени со закон. Средствата овој член ги прибира градот Скопје. и истите се распределуваат во соодност 70% за градот Скопје и 30% за општините во градот Скопје.
Согласно член 36 од Законот Градот Скопје и општините во градот Скопје во рамките утврдени со закон, утврдуваат: - такса за користење на простор пред деловна просторија за вршење дејност; - такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места; - такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради и - такса за користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност. Таксите од овој член се прибираат од градот Скопје или од општините во градот Скопје, во зависност од тоа кој е надлежен за одржување на јавниот простор што се користи.
Во член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), е уредено дека висината на комуналните такси ја утврдува советот на општината, советот на општините во градот Скопје и Советот на Град Скопје.
Со предложената Одлука, Советот на Град Скопје носи нова Одлука за висината на комуналните такси во Град Скопје.

Од 2005 година па сè до денес, Одлуката за висината на комуналните такси во Град Скопје повеќепати била менувана и дополнувана, со што во правниот поредок се создадоа повеќе паралелни и изменети верзии на истиот пропис. Овие честопати фрагментарни измени доведоа до намалена прегледност и отежната примена на одлуката од страна на граѓаните, деловните субјекти и институциите. Во пракса, ваквата состојба ја намалува транспарентноста на прописите и го отежнува пристапот до јасни и конзистентни информации за висината и видот на комуналните такси.
Во изминатиот период, особено за време на пандемијата од COVID-19, одредени комунални такси биле привремено намалени со цел да се ублажи финансискиот товар врз стопанството и граѓаните. Со стабилизирањето на економските услови, овие такси се вратени на нивото утврдено пред пандемијата. Исто така, во 2010 година поради антикризните мерки предложени од Владата на РСМ , износот на комуналната такса за фирма односно назив на деловни простории ( тарифен број 1 ) од 8.000 денари беше привремено намален на 7.000 денари, поради што со оваа предлог одлука се врши враќање на првично утврдениот износ. Истовремено, кај одредени тарифни броеви се врши корекција на висината на таксите поради значително зголемените трошоци за обезбедување на јавните услуги, одржување на инфраструктурата и функционирање на системите под надлежност на Градот.

При подготовката на оваа нова, целосно консолидирана Одлука, Градот Скопје се водеше од потребата за поедноставување, систематизација и зголемување на транспарентноста на прописите, со цел полесна примена и поголема правна сигурност за сите засегнати страни. Дополнително, при утврдувањето на висината на таксите се земени предвид релевантни регионални искуства и добри практики од земјите од Европската Унија, каде што локалните самоуправи редовно вршат усогласување на комуналните такси со реалните трошоци за јавните услуги, принципите на одржливост и потребата од финансиска стабилност на локалните системи.
Со донесувањето на оваа Одлука се обезбедува единствен, јасен и транспарентен акт кој ги интегрира сите претходни измени и ги усогласува комуналните такси со современите стандарди на локално управување, со што се создаваат услови за поефикасно функционирање на градските служби и подобра услуга за граѓаните и деловната заедница.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за висината на комуналните такси во Град Скопје.